**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продолжение на Триесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 јануари 2000 година**

Седницата се одржа во салата на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше господинот Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Триесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на 33-та точка - Предлог за избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Бидејќи ние го заклучивме претресот, предлогот за избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

70 пратеници гласаа за, 5 се воздржани и против нема.

Констатирам дека Симеон Гелевски е избран за судија на Врховниот суд на Република Македонија.

На господинот Симеон Гелевски му го честитам изборот и му посакувам успех во работата.

Минуваме на 34-та точка - Предлог за избор на претседател на Апелациониот суд во Битола.

Предлогот за изборот и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Ве молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на претседател на Апелациониот суд во Битола го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 23 пратеници, 12 се воздржани и 40 пратеници гласаа против.

Според тоа, констатирам дека Васил Насев не е избран за претседател на Апелациониот суд во Битола.

Минуваме на точката 35 - Предлози за избор на судии на Основниот суд Скопје II - Скопје.

Процедурално се јавува господинот Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Во име на пратеничката група, барам поддршка од 10 пратеници и барам поединечно изјаснување во врска со претходната точка, за избор на претседател на Апелациониот суд во Битола.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во ред, има 10 пратеници.

Да одиме на поединечно гласање.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ ЧУКАЛИЕВА:**

1. Јонуз Абдулаи - против
2. Абдурахман Алити - отсутен
3. Абдула Алиу - за
4. Милојко Ангеловски - отсутен
5. Стојан Андов - за
6. Кирил Андоновски - воздржан
7. Љупчо Анушев - против
8. Амди Бајрам - за
9. Фадил Бајрами - отсутен
10. Димитар Баткоски - против
11. Мерсел Биљали - за
12. Валентина Божиновска - отсутна
13. Јордан Бошков - воздржан
14. Димитар Бузлевски - отсутен
15. Абдулади Вејсели - отсутен
16. Слободан Гарчески - против
17. Васил Гаџовски - против
18. Михајло Георгиевски - воздржан
19. Трајко Гешоски - воздржан
20. Александар Гештаковски - за
21. Данило Глигороски - отсутен
22. Петар Гошев - за
23. Слободан Даневски - воздржан
24. Замир Дика - против
25. Ванчо Ѓоргиев - отсутен
26. Илија Ѓоргиев - за
27. Фатмир Етеми - против
28. Васил Ефтимов - против
29. Насер Зибери - за
30. Љубисав Иванов – Ѕинго - отсутен
31. Мирко Иванов - за
32. Илија Илоски - за
33. Делче Ицков
34. Никола Јованов - воздржан
35. Весна Јовановска - против

36. Марика Јорданова - против
37. Назми Кадриу - против
38. Радомир Карангелески - воздржан
39. Жарко Караџоски - против
40. Митко Киров - против
41. Лазар Китаноски - отсутен
42. Саво Климовски - воздржан
43. Стојан Ковачески - отсутен
44. Ѓорѓи Котевски - против
45. Чедомир Краљевски - воздржан
46. Илија Лазаров - против
47. Горанчо Лазов - против
48. Алириза Лога - против
49. Билал Љутфии - против
50. Васе Манчев - против
51. Наталија Марковиќ – Димова - отсутна
52. Ѓулистана Марковска - отсутна
53. Диспина Марковска - против
54. Звонко Мирчески - против
55. Драган Митевски - отсутен
56. Илинка Митрева - за
57. Кирил Настески - за
58. Рубенс Наумовски - против
59. Горан Невеновски - против
60. Латиф Пајкоски - воздржан
61. Александар Пандов - против
62. Ванчо Панчев - против
63. Илија Пемов - против
64. Тито Петковски - отсутен
65. Чедо Петров - отсутен
66. Томислав Петровски - воздржан
67. Филип Петровски - отсутен
68. Азис Положани - отсутен
69. Стојан Попов - воздржан
70. Љубомир Поповски - за
71. Никола Поповски - отсутен
72. Илија Прангоски - отсутен
73. Исмет Рамадани - отсутен
74. Љупче Ристески - против
75. Ненад Ристовски - воздржан
76. Нано Ружин - за
77. Илјаз Сабриу - воздржан
78. Аце Сајкоски - против
79. Аслан Селмани - за
80. Борче Сибиновски - против
81. Вангел Симев - против
82. Ристо Спанаков - воздржан
83. Крале Спанчевски - против
84. Ѓорѓи Спасов - отсутен
85. Милан Ставрев - отсутен
86. Наќе Стојановски - за
87. Томислав Стојановски - против
88. Воислав Стојаноски - воздржан
89. Благој Стојковски - за
90. Златко Стојменов - против
91. Владо Сугаревски - против
92. Оломан Сулејмани - воздржан
93. Ризван Сулејмани - воздржан
94. Мухамед Таири - против
95. Александар Талевски - воздржан
96. Мевљан Тахири - отсутен
97. Митко Тилевски - против
98. Ѓорѓи Тодоров - отсутен
99. Ристо Тодоров - за
100. Павле Тодоровски - воздржан
101. Панде Томов - против
102. Коце Трајаноски - отсутен
103. Горанчо Трајков - против
104. Танас Трајковски - за
105. Александар Трпевски - против
106. Борислав Трповски - отсутен
107. Слободан Ќосев - отсутен
108. Илија Филиповски - за
109. Александар Флоровски - против
110. Илјаз Халими - против
111. Благој Ханџиски - отсутен
112. Сејфедин Харуни - за
113. Кастриот Хаџиреџа - отсутен
114. Бранко Црвенковски - отсутен
115. Миланчо Черкезов - против

116. Ванчо Чифлиганец - отсутен

117. Арбен Џафери - отсутен

118. Хисни Шаќири - против

119. Алија Шахиќ - отсутен

120. Радмила Шеќеринска - за

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Гласањето го покажа следново: "за" гласале 22 пратеници, "против" 43 и "воздржани" 20. Гласаа вкупно 85 пратеници.

Според тоа останува онака како што заклучивме, односно немаме избор.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Имам процедурална забелешка. Само би сакала, може ли да објаснам и претходно зошто тоа се случи така како што се случи. Би сакала во име на пратеничката група на СДСМ да ја изразам нашата зачуденост од фактот, дека парламентарното мнозинство за вака значајно прашање така брзо го менува ставот. Имено, само да го информирам и парламентарното мнозинство и Собранието и јавноста дека претставниците на ова исто парламентарно мнозинство кои што се мнозинство во таа Комисија, а тоа е Комисијата за прашања на изборите и именувања на Собранието на Република Македонија го дадоа својот глас за ваквиот предлог од Републичкиот судски совет, што значи дека навистина можеме само да погаѓаме што се случувало во изминатиов период вака драстично да го изменат ставот.

Втората работа која што исто така со зачуденост морам да ја коментирам, а тоа е дека за вака значајно прашање и вака крупна одлука не чувме ниту еден став, ниту една причина поради која што, или ниту еден аргумент ако таков може да постои, поради што ова парламентарно мнозинство решава да не го даде својот глас за предлогот на Републичкиот судски совет.

На крај, со жалење по незнам кој пат сакаме само да констатираме дека, ова парламентарно мнозинство или незнае, или не сака да ја почитува ниту независноста на судската власт, ниту постоењето на процедура, одговорност и транспарентност во работата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Секој пратеник си има право на оценки.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Не сакав да дискутирам по оваа точка, меѓутоа според информациите кога веќе се отвори прашањето, ние немаме никакви забелешки на предлогот на Републичкиот судски совет за претседател на Апелациониот суд во Битола. Меѓутоа, добивме информација дека предлогот за господинот, кој што е предложен, има една забелешка, односно информацијата која дополнително ја добивме, а тоа е дека кандидатот има уште две години до пензионирање. Од тие причини пратеничката група на ДА се воздржа од поддршката, бидејќи знаеме дека треба да има барем уште четири години за да си го истера мандатот. Со други зборови сакам да објаснам зошто се воздржавме, затоа што немаме ништо против личноста на кандидатот. Едноставно од формални аспекти пратеничката група се воздржа.

Сметам дека Комисијата за избори и именувања требаше ова да го има во предвид, за да не доаѓаме во ваква ситуација да се конфронтираме помеѓу пратеничките групи, без оглед дали е позиција или опозиција.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, господа пратеници, ова веќе не се процедурални прашања. Ние влегуваме во материјална расправа по гласањето. Според тоа, по завршеното гласање и поединечно и електронско и т.н. и ќе ве молам после тоа да не отвораме расправа. Овде имаме уште 4 - 5 пратеници кои што се јавиле за збор и кои што сакаат после тоа да дискутираат. За мене гласањето е завршено. Ќе поминеме на следната точка.

Според тоа се ова што е пријавено, ќе ве молам по оваа точка не би им дал збор, иако не е мое да не давам збор, мислам демократско право, но процедурално ние ја завршивме точката.

Минуваме на точката 35 - Предлози за избор на судии на Основниот суд Скопје II - Скопје.

Предлозите за избор на судии и мислењата на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и преминуваме на гласање.

Предлогот Катерина Николовска да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје II - Скопје го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 20 пратеници, "воздржани" 19, против" се 39.

Според тоа и во оваа ситуација немаме избор.

Предлогот Весна Богдановска да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје II - Скопје го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 21 пратеник, 19 "воздржани" и 40 "против".

Констатирам дека Весна Богдановска не е избрана за судија на Основниот суд Скопје II - Скопје.

Минуваме на точка 36 - Предлози за избор на судии на Основниот суд во Битола.

Предлозите за избор на судии и мислењата на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Кој бара збор?

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Јас би сакала уште еднаш само да кажам ако некому не е јасно што се случува овде. Се случува дополнителен притисок и спроведување на сопствена процедура, која што не е дел од вистинската процедура од страна на парламентарното мнозинство, кое што еве дел барем од тоа парламентарно мнозинство најде оправдување во некоја старосна дискриминација при изборот на претседател на Апелационен суд, меѓутоа немаше ниту храброст, или немаше аргументи, или немаше доблест па и во наредните точки на дневен ред да даде било каква аргументација за ваквото сериозно поништување на посебноста на судската власт. За жал тука има луѓе кои што можеби повеќе од мене би требало за ова да се залагаат, многу правници, многу луѓе кои што досега зборувале, ама само зборувале за независноста на судската власт. Меѓутоа, овде немаат аргументи за да ги изнесат, заради што ова парламентарно мнозинство, или целиот Парламент би требал да гласа против ваквите предлози, туку ан блок ги отфрлаат сите предлози од Републичкиот судски совет. Овде на сите присутни ни е јасно дека постои тенденција да не се прифаќаат овие предлози, се додека Републичкиот судски совет не се обликува и не се избере според волјата на истово ова парламентарно мнозинство. Меѓутоа станува јасно дека денеска престанува веќе и официјално официјализирано од истово парламентарно мнозинство да важи оној дел од Уставот, во кој што ние ќе имаме почит и спрема останатите носители на власт во оваа држава. Мислам дека не е во ред не само кон Републичкиот судски совет, не само кон овие луѓе кои што така лесно ги отфрливме, без да понудиме на јавноста причина поради која тоа го правиме, туку и на демократската јавност која што останува во РМ тоа да го правиме и толку лесно, толку неаргументирано со едно притискање на копчето. Меѓутоа тоа останува како документ и како аргумент за секој од нас, бидејќи стои некаде запишано кој и како гласал, кога гласал. Јас само се надевам дека и вашето и нашето сеќавање ќе биде подолго.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Пак влегуваме во расправа по завршеното гласање.

Дадениот глас и искажаното мислење на секој пратеник овде во Собранието е негово неприкосновено и лично право. Според тоа јас не би сакал, немам ниту право да го коментирам секое дадено мислење и глас на пратениците во Собранието. Затоа ние да се воздржиме од такви коментари барем меѓу себе, затоа што тоа не би не довело во една добра ситуација навистина, а особено да даваме општи квалификации за односот спрема другата власт. Ние сме си автономни во ова што го решаваме сега овде. И веројатно секој е свесен за тежината на притиснатото на овие копчиња овде што се пред нас.

Затоа велам да не коментираме зошто, како и на кој начин секој од нас гласа. Би не довело во некои други ситуации. Сега ниту сакам да навлегувам и да давам оценки за предлагачот. Имало ситуации и во претходните состави кога не се прифаќале предлозите на Републичкиот судски совет од причини кои што пратениците одлучиле. Ниту ги коментирам тие ситуации, како што ни денеска би било незгодно да се коментираат ваквите ситуации. Затоа да не отвораме расправа после гласањето. И да продолжиме. Овде имаме пријавено 10 пратеници, кои што ќе почнат да дискутираат и ќе навлеземе во една многу незгодна ситуација.

Ве молам, гласањето е завршено и да немаме коментари по гласањето, освен ако побарате она што го имате процедурално право да повикате да се гласа поединечно. Тоа е веќе во ред. Во таа смисла мислев госпоѓице пратеник да укажам како една општа забелешка, а не конкретно на вас во оваа ситуација.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Само да дообјаснам, јас не дискутирав откако е завршено гласањето, туку дискутирам по точката на дневен ред, која што ја отворивте за расправа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Наредната мислите?

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Да, веќе ја отворивте расправата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не ја кажав уште.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Вие отворивте расправа, во таа расправа сакав да учествувам и да апелирам до пратениците, доколку навистина постојат аргументи, доколку навистина постојат причини поради кои овој Парламент не би требало да го изгласа предлогот на Републичкиот судски совет, ве молам да ги изразите, заради тоа што доколку се издржани, тогаш можеби целиот Парламент ќе ги поддржи.

Меѓутоа, да се бара заштитување на правото на автономност на Собранието, без при тоа да се понуди основното начело, задоволување на основното начело, а тоа е транспарентноста во работата, особено кога имаме учество на различни власти во донесувањето на одлука, предлагање од страна на една судската власт, донесување на одлука од страна на законодавната власт, мислам дека е неодговорно. А тоа дека ние имаме право имаме право, како ќе го спроведуваме правото, зависи сепак од нас.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро. Ќе ве молам, понатаму да не коментираме во врска со ова.

Дали некој бара збор по отворената 36-та точка, од претресот по таа точка и по предлогот што е доставен.

Овде има повеќе пратеници.

Како прв се јави г. Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Имам деловничко право да кажам како ќе гласам, меѓутоа, немам деловничка обврска некој да ми постави прашање да му одговорам како ќе гласам.

Госпоѓица Шеќеринска ако има намера да не прашува како ќе гласаме, ќе види горе на мониторот дали добил поддршка некој предлог или не. Нејзиното залагање одредено тело, штом заземало став или некој дал предлог, тој предлог да биде изгласан, поминаа времињата кога тоа се случуваше во централните комитети на кој таа им припаѓа, дека таму е решено и е готово, утврдено правото.

Уставната гаранција на секој пратеник е основно, да не одговара за мислење како ќе гласа. Дали политички ефект сака да постигне, тоа не нејзин проблем, меѓутоа, не може да ме праша мене како јас ќе гласам, ниту пак било кој од пратениците, ако има за задача да каже дека нешто сторила во ова Собрание, кажа што кажа нека се дозволи натаму да гласаме. Нека гласа таа, ниту имам намера да ја прашам како ќе гласа, ниту за кого ќе гласа.

Постоење на поделба на власта не значи и мешање во работа на властите. Судската власт е независна од законодавната власт. Процедуралниот момент на извршителите на судската власт е сосема одвоено прашање од институтот судска власт.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Госпоѓица Шеќеринска, реплика побара, повелете.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Мало дообјаснување на г. потпретседател.

Јас апелирав за постоење на некаква отвореност и транспарентност на овој дом на ова Собрание, меѓутоа, фактот што тоа го кажувам јавно не е претпоставувам за да го смени потпретседтелот своето мислење, а очигледно тој не ги менува своите мислења освен кога мора, туку за да биде запознаена македонската јавност со тоа што се случува вистински во Собранието и да знае да ги толкува некои од работите, бидејќи кога овде се гласа и кога поминуваат вака лесно точки и тоа со не прифаќање на предлозите на Републичкиот судски совет, навистина на многу граѓани претпоставувам дека не им е јасно зошто тоа се случува. Очигледно е дека поради непостоењето, мислам од тој факт дека ова парламентарно мнозинство не излезе да каже некакви аргументи, со кои ќе ги поткрепи овие одбивања на предлозите дека такви не постојат.

А што се однесува до донесување одлуки во некакви централни комитети, не треба потпретседателот мене да ми кажува, туку треба да си ја прочита сопствената биографија, која што ја издаде ова Собрание и која ја издаваше Издавачки одбор на кој претседаваше токму потпретседателот, во која стои дека пред распаѓањето на поранешна СФРЈ, токму тој бил делегат на Соборот на Републиките и Покраините на Сојузното собрание.

Затоа, нека не не оптоварува со сопствениот багаж, сите останати кои сме овде за да работиме сега, а за да не се потсетуваме на тоа претходно што се случувало.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, ќе имате право да одговорите, но слушајте, почитувани дами и господа, имаме конкретни предлози, дајте да разговараме за конкретните предлози, да не отвораме друга расправа.

Реплика за г. Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Една е работата. Да беше од некоја друга средина, ќе имав намера да и одговорам за образование и за знаење и за читање.

Меѓутоа, затоа што оди од Универзитет, тешко е да разбере. Јас не сум бил никогаш на Соборот на покраините. Тоа да им биде јасно. Јас бев во состав кога беше ова Собрание избрано на демократски избори, не делегатски систем. Ако г-ѓица не прави разлика меѓу избирани луѓе и делегирани, тоа е нејзин проблем, не е проблем во овој случај незнам што да одговорам, дали да разбере или да остане и понатаму во заблуда.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Реплика има г-ѓицата Шеќеринска, само да ја завршиме со ова веќе.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Се надевам дека г. потпретседател не ја доведува во прашање мојата писменост. Да читам верувам дека ќе се согласи дека знам. Затоа, ќе му го дадам истиот овој доказен материјал кој се нарекува "Република Македонија, Собрание од 1998 до 2002 година", во која на некоја од претпоследните страни стои Издавачки совет, стои претседател на овој Издавачки совет дека е Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Значи издание кое што го потпишал, одобрил и се надевам прочитал г. потпретседател. На третата или четвртата страница од истото издание стои биографија на Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието на Република Македонија, поделена е инаку на сите нас пратеници и претпоставувам на оние што го посетуваат ова Собрание. Во него и на македонски и на англиски јазик стои следното, а тоа е она што го прочитав: "Пред распаѓањето на претходната СФРЈ, беше делегат во Соборот на Републиките и Покраините на Сојузното собрание". Тоа ако не е точно, се извинувам.

Понатаму, стои дека во периодот од 1990 до 1994 година бил и овде делегат и т.н. Ве молам, личност која исто така од 1956 година работела во тогашниот Општински суд во Куманово, од 1960 до 1962 година стои дека бил претседател на Општинскиот суд во Кратово и т.н. (Реакција од пратениците во салата).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, не го избираме Томислав Стојановски за судија.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Не може да ни држи предавање за тоа кој носел одлуки во Централен комитет, кој има проблем. Очигледно е дека или потпретседателот не си ја чита сопствената биографија или пак не ги чита оние документи, кој самиот ги потпишува како член на Издавачкиот совет.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, уште една реплика и завршуваме со ова.

Повелете г. Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Кога човек ќе отиде на лекар, прва констатација на лекарот му е ориентир за време и простор. Ако таквите услови не ги исполнува, натаму периодот престанува. Говори за временски период од 1990 до 1994 година, распадот на Југославија настана 1992 година.

Треба ли да коментирам натаму дека елементот не ориентиран за време, да го коментирам или не.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Вред е, да завршиме со расправата и не би требало натаму да полемизираме по ова прашање.

Да се вратиме на точката на дневниот ред.

Дали некој бара збор во врска со точката 36 од дневниот ред, а 36-та точка да ве потсетам се предлози за избор на судии на Основниот суд во Битола.

Предлозите ги имате добиено и ве молам, отвораме расправа по тие предлози.

Инаку ќе го одземам зборот на секој од вас овде што сте ми се јавиле, 10 на екранот, ако не водиме расправа за точката, а точката е јасна, точката се однесува на предлозите и за предлозите да разговараме.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

(Од место без уклучен микрофон).

На г-ѓицата Шеќеринска и дадовте збор, неа не ја прекинавте, а сега нам не ни давате да дискутираме за тоа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, јас однапред не знам кој што ќе зборува од вас. Инаку, далеку би не одвело ова.

Ако отвориме расправа за односот меѓу законодавната и судската власт, јас со мојот коментар по повод нејзиното излагање укажав дека немаме право било кого од нас да го оценуваме зошто и како гласа и немаме право да се мешаме во предлозите, како што и судската власт нема право да се меша во одлуките што ние ги донесуваме.

Според тоа, на тие принципиелни прашања да ја завршиме расправата и да поминеме на 36-та точка.

Ве молам, во тој дух ако можеме да ја завршиме, инаку, далеку би не одвела расправата сега зошто, како и т.н., или имаме намера да гласаме.

Според тоа збор има, јас не можам да го оценам - збор има г. пратеник Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, да не дозволиме ова Собрание да биде воведено во води во кои било воведено претходното Собрание. Тие најверојатно тогаш така ги донесувале одлуките и гледале кој на која партија припаѓа - предлогот за судија.

Ако судската власт е независна, од каде таа толкава загриженост кој ќе биде избран за судија. Се согласувам дека секој предлог не мора да помине. Ако се сеќавате и во претходниот состав на парламентарното Собрание, имаше случаи кога не беа прифаќани предлози на Судскиот совет и ниеден од тие предлози не беше образложен зошто не ги прифаќаат. Едноставно така гласаа. На секој од нас е негова работа дали ќе се изјасни јавно пред говорницата како ќе гласа или ќе гласа по свое убедување. Еве сега се гледа како тие работеле и што правеле во претходниот парламентарен состав, кои луѓе ги бирале за судии. Ај да речеме сега дека таа власт не била под нивно влијание или не е уште под нивно влијание. За жал, ако дозволиме вака да се сугерира по секоја цена некој од предлозите да помине, мислам дека нема да биде одраз на волјата на ова Собрание.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Илија Лазаров за расправата по оваа точка.

За збор се јави г. пратеник Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги, токму оваа дискусија не доведе до прашање и заклучок да се соочиме со проблемите и во уставните регулативи и во законските регулативи во однос на постапката за избор на судија.

Дека постојат политички влијанија видовме минатиот период, видовме како се избираат судиите и токму тоа право го имаат, да им го даде Уставот и законската регулатива, како се бираат судиите. Еве и денес гледаме колкава е загриженоста на опозицијата, тогашната позиција, ако се случи еден судија да не биде избран.

Јас би и одговорил на опозицијата точно од оној аспект од кои критериуми и од кои мерила се водиме кога гласаме како што гласаме, да ги земат предвид нивните критериуми, кои им важеа и кои им беа во тој мандат, особено на чело со г. Алил Џаферовски, кој беше и претседател на таа Комисија за избори и именување, нека тргнат само од примерот како се вршеше изборот во Основниот суд во Прилеп, кога само со едно кревање на рака - против, не се бираат судии иако беа доста заслужни, без никакво образложение и без никаков став. А Уставот и законската регулатива, има таква регулатива што на таквите луѓе не им дава право, кога не се избрани ни да се жалат, а камо ли да поведат управен спор пред Врховен суд или пред незнам кој друг орган.

Тоа е регулатива на претходната власт, со која доблест и од каде најдоа доблест сега истите тие да ни држат лекции, да ни држат предавања, вака да не учат за оние работи кои тие ги направија и сега ни делат памет и веќе сити сме од толку делење памет што и како.

Затоа, велам ако г-ѓицата Шеќеринска сака да се информира, врз основа на кои критериуми се базираме кога гласаме, јас би и препорачал да си го праша колегата од нејзината партија, г. Џаферовски, беше тогаш претседател на Комисијата за избори и тој нека и објасни по кој критериуми се раководеа истите тие кога гласаа, како што гласаа при изборот на судиите, кој денес ги имаме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. Жарко Караџоски.

Почитувани дами и господа, да не отвораме расправа.

Судијата од оној момент кога е избран, тој е независен, самостоен и не припаѓа на ниту една политичка опција. Да не навлегуваме сега и со расправата, ќе дојдеме во многу непријатна ситуација.

Да поминеме на точките, да видиме дали имаме некои забелешки не вака

принципиелни, не зборуваме сега за односот меѓу законодавната и судската власт. Имаме конкретни предлози, дали за овие предлози имаме забелешки или немаме забелешки јавно да ги кажеме, а тајно секој ќе си гласа така како што смета да гласа. Немој да отвораме стара власт, нова власт, ваква власт и таква власт, знаете ли зошто? Затоа што во оваа ситуација ние имаме судии од Основните преку Апелационите до Врховниот суд, кои се избрани врз основа на стручност, знаење, судат, работат и т.н., и не смееме денес со отворање на било каква расправа тие судии и тој суд да ги доведеме во прашање. А подтекстот на сите овие расправи политички што ги имаме овде, можеби ќе не води кон тоа.

Затоа, да престанеме со тоа, со такви расправи туку евентуално да видиме, имаме предлози, да видиме дали за овие предлози имаме конкретно забелешки или немаме. Тоа да биде расправата, а не овде сега да отвориме расправа за независноста на судската власт, Парламентот и кој знае кај се ќе не доведе таа расправа.

Во тој дух јас предлагам да се вратиме на точката на дневниот ред, да не бегаме од точката на дневниот ред и да не отвораме сега овде академски расправи за тоа дали е повредена судската власт, дали законодавната власт се наметнува над едната, другата и т.н. Во тој дух далеку би не одвело. Можеби може, ќе се отвори тој процес преку уставните промени, преку судскиот совет нов како ќе биде поставен и т.н., тогаш можеме и тогаш ќе водиме навистина една суштинска расправа за поставеноста на судската власт. Овде преку некои конкретни случаи да не го доведуваме тоа во прашање.

Има предлог, ве молам да се држиме за предлогот.

Има збор г. Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Како и сите вие, знаете дека имаме право да кажеме зошто ќе гласаме или нема да гласаме за предлогот. Тоа е сосема деловнички и сакам во врска со тоа да кажам дека јас лично немам забелешки на ниту еден предлог од Судскиот совет и немам забелешка и на овој конкретен предлог по оваа 36-та точка.

Немам забелешка заради тоа што главно предложените кандидати не ги познавам и немам сознание за тоа дали тие се доволно успешни за да ги обавуваат овие задачи, на кои се предлагаат на Судскиот совет и заради тоа и за овој предлог и за другите предлози ќе гласам за предлозите на Судскиот совет. Ќе гласам за предлозите на Судскиот совет, затоа што Судскиот совет досега никој не го оспорил, никој не го ставил на дневен ред, дека е некомпетентен и дека не знае што прави и што предлага.

Точно е дека порано се барала подобнос, идејно - политичка подобност од судии и тоа го знае секој присутен овде и точно е дека и порано на судскиот совет му биле симнувани одредени предлози, исто така без образложенија и без јавно изнесени прецизни аргументи за тоа, за да може Судскиот совет да размисли дали погрешил или не погрешил. Арно ама заради тоа што тогаш така се правело, тоа не може да биде сега аргумент истото да се прави, бидејќи новите што дојдоа на власт велеа дека нема да работат така како што работеле претходните и дека во сите политички програми на партиите на власт денес, па и тие што не се на власт, многу, многу редови се потрошени и напишани, а потоа и во кампањите усмени, дека ќе се почитува судството како независна институција, независен сегмент од власта.

Се разбира дека е точно и тоа дека Уставот дал возможност пратениците да гласаат, а штом им дал возможност да гласаат, тие можат да гласат и против одлука на Судскиот совет. И тоа е точно, ама се работи за почитување на духот на Уставот и за една принципиелна важна работа во политичкиот систем, а таа принципиелна важна работа во политичкиот систем е дека подалеку од политичките интриги во судството и околу судството.

Сега, денес, формално правно пратениците имаат право, бидејќи им дал Уставот право, да ги одбијат сите предлози на судскиот совет. Тогаш без расправа всушност се суспендира комплетно Судскиот совет. Судскиот совет значи не ги врши работите и судскиот совет после ова би требало да си поднесе оставка.

Затоа, сакам да го прашам и претседателот на Судскиот совет кој е тука, со какви образложенија навистина може вака да се прифаќа без збор одбивање, еве почна речиси на сите предлози. И колку да се правиме ние невешти и да ја ставаме главата во песок од ваквиот однос кон предлозите на Судскиот совет јасно следи пораката дека следниот за отстрел е Судскиот совет и дека потоа ќе биде формиран Судски совет по волја на нечие партиско водство и раководство. Тоа е совршено јасно. А исто така сум длабоко уверен ако секој сака малку да признае пред себе си од пратениците, дека барем 90% од пратениците не ги познаваат

кандидатите по својата компетентност или не гласаат според шепотот нечиј. И, тоа е исто така, точно.

Затоа јас ќе гласам, незнам дали погрешил Судскиот совет што предлага или не предлага, ќе гласам за предлозите на Судскиот совет, конкретно за оваа точна 36 заради заштита на дигнитетот на Судскиот совет, во овој момент и заради, барем мала, каква таква заштита на судската власт.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Петар Гошев.

За збор се јави господинот пратеник Кирил Андоновски.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Јас и пред малку побарав збор кога се јавуваа пратениците уште на почетокот, во врска со процедурални прашања.

Мислам дека не требаше да им се дозволи да доаѓаат, бидејќи однапред се знаеше дека не се работи за процедурални прашања. Сега, имаме исто така од колешката Шеќеринска, таа не дискутира дали е подобен или е неподобен, во смисла дали е квалитетен или е неквалитетен, од аспект на политичка подобност кандидатот, туку таа само констатира одредени состојби и ни насочува како требало ние да гласаме. Мислам тоа не требаше, исто така, што е, најтрагично,таа почна да зборува после гласањето, што нема никакви допирни точки со процедурата, со деловничките одредби. Јас и во друга прилика спомнав дека често пати госпоѓицата Шеќеринска станува, дали од непознавање на Деловникот, а не верувам дека не го познава, бидејќи веќе осум, девет години колку е овде во Собранието, добро ја познавам, меѓутоа, постојано дискусиите ги насочува во некој спротивен правец.

Потоа, дискусиите, макар што е и деловнички и траат премногу долго, но, тоа е нејзино право. Ние мораме да сфатиме, мораме да го почитуваме Деловникот каков е, таков е, се додека не го донесеме. А, колку побрзо ќе го донесеме, толку подобро и за нас. Знаеме дека одлуките се донесуваат со мнозинство гласови во Собранието, а телата се помошни на Собранието. Не значи ако некое тело предложи нешто и Собранието да го прифати амблок. Тогаш, ќе се заврши постапката во телата. Овде се донесуваат, а и во Уставот е кажано, работи Собранието и одлучува на седници и тоа со мнозинство гласови, односно 40, колку е таму најмалку.

За независното судство не сакам да коментирам, бидејќи тоа е зависно. Меѓутоа, од кого е зависно, тоа е друга работа, а друго е прашањето дали е ова најдобра постапка за избор на судии и дали е ова најдобро за избор на судии за да биде независно судството. За тоа можеби треба да се размислува во понатамошната работа на Собранието и да се донесат соодветни акти можеби, бидејќи ние често пати не ги ни познаваме судиите, не го знаеме ни нивниот квалитет.

Затоа, треба врз основа на овие сознанија да се изгради некој систем, да се изградат некои норми и да се врши подобар избор и на квалитетни судии. Затоа, јас мислам дека не би требало ние да влијаеме еден на друг како ќе гласаме. Јас можам претходно да го искажам моето мислење дека ќе гласам за и да го образложам зошто. Можам да го искажам моето мислење дека ќе гласам против и исто така да го образложам, што не морам тоа да го направам, можам само да гласам за, воздржан или против. Така што, ние често пати умееме тоа да го злоупотребуваме.

Ве молам господине претседателе, кога се знае дека уште во почетокот кога почнуваат да зборуваат и не е во согласност со Деловникот, да ги прекинувате. Тука не правите никакви грешки, ниту пак го омаловажувате некого од нас пратениците. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, во врска со тие деловнички укажувања и т.н., кога навистина би имале еден добар, чист и прецизен Деловник, верувам дека не би дошло ни до вакви ситуации.

Но, знаете, ние имаме Деловник, кој што е донесен во 1975 година, дополнуван, менуван во различни услови, во различни системи и т.н. и можеби тоа создава одредена забуна. Но, ќе ве молам, овде не се изразува никакво сомневање во одлуките на Судскиот совет. Па, да се потсетиме ние избравме судија на Врховен суд по предлог и на Судскиот совет и на Комисијата за избори и именувања на оваа седница. Немојте сега, ако гласаат поради одредени причини пратениците поинаку отколку првиот предлог и првото гласање, сега да го доведуваме во прашање и судскиот совет и ние како пратеници.

Во таа смисла сакам да ви укажам, дајте да видиме дали имаме сугестии во однос на овие кандидати што се предложени овде по точката 36. Ако така разговараме, ќе ја завршиме расправата. А, ако не, тогаш овде овие шестмина колку ги имам наредено на екранот, секој од нив ќе зборува и ќе

говори на општа тема. Ако можете да ми кажете, јас ќе му дадам збор на секого да кажете конкретно за секој кандидат, така ќе одам, инаку ќе ви го одземам зборот и нема да дозволам да се водат општи расправи.

Госпоѓицата Шеќеринска има реплика, бидејќи е спомната во два наврати.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Јас навистина се извинувам што неколку пати се јавувам за збор, меѓутоа, мислам дека пратениците од другата страна на некој начин не одат во прилог на ваквите ваши сугестии, бидејќи постојано се занимаваат и со нашиот предлог и со мојата забелешка и други и со мојата биографија.

Му благодарам на господинот Андоновски за комплиментот, барем јас така го разбирам дека сум била изгледа, или како што тој се сеќава пратеник во Собранието, меѓутоа, заради целосна информација, не. За прв пат сум тука заедно со голем дел од вас. И, токму поради тоа инсистирам да се дискутира за нас, за нашите обврски, а не да бараме секогаш алиби и оправдување за нешто што се случило претходно ако се случило. Токму поради тоа ќе го потсетам и претседателот да биде доследен и кога инсистира да не спомнуваме имиња на луѓе, кои што не се во салава, а особено не се ни дел од извршната власт, за која што често дискутираме, тоа да го прави и кога ќе се спомене пратеник поранешен и од нашата партија.

Меѓутоа, сакам уште еднаш да ве уверам дека немам никаква намера да ве убедам како да гласате, дали треба да се прифати или не треба на се прифати предлогот на Републичкиот судски совет. Тука сме за да гласаме и со тоа се согласувам.

Меѓутоа да се гласа вака или онака без никаква информација до јавноста, пред која што сме сите одговорни, па и до сите нас кои што сакаме да ги имаме сите информации пред да го направиме гласањето е несериозно. Меѓутоа, дополнително на сето ова, мислам дека овдека се кажаа неколку инсинуации за тоа зошто опозицијата или зошто јас лично, како што кажа еден пратеник инсистираме да бидат избрани овие личности.

Да ви кажам искрено дека ниту еден од предложените не го познавам, ниту пак знам многу податоци за нивната работа. Се додека немам такви податоци, се додека немам информации дека има проблем во нивниот избор, како што кажа и господинот Гошев, ќе го прифатам предлогот на Републичкиот судски совет. Оној кој што има таква информација, оној кој што има такво мислење и анализа, нека го каже тоа јавно. Токму и заради тоа тука е говорницата. Не се само копчињата, затоа имаме и микрофони.

И, на крајот да завршам со тоа што мислам дека оваа фаза може да ја завршиме, доколку предложиме кадровската комисија на ВМРО-ДПМНЕ на чело со претседателот за сите кадровски политики госпоѓицата Доста Димовска, да ни ги предлага сите судии, па по автоматизам сите да си ги гласаме. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Знаете, колку сме контрадикторни. Сега спомнавте личности кои што не би требало да бидат присутни, а вие ги спомнувате исто така неприсутни, што не е во ред. Навистина, тоа не е во ред. Немојте принципиелно да барате од едните, а не прицинпиелно да се однесуваме спрема другите. (Радмила Шеќеринска се извини).

Добро, ако се извинувате тоа е во ред. Немојте, ова далеку ќе не одведе.

Дајте да видиме ако имаме конкретно, еве имаме уште тројца дискутанти овде пријавено за точката на дневниот ред.

Да се вратиме повторно на дневен ред.

Ако можете нешто да ни кажете за тоа.

Има збор господинот пратеник Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници.

Очигледно е дека и јас немам нешто ново да речам, меѓутоа, токму треба да гласам за предложените судии и лично би ги поддржал предлозите на Судскиот совет. Бидејќи тој судски совет на некој начин е гласан од овој законодавен дом, без разлика на политички партии или влади и тој Судски совет одговара токму на ова Собрание. Колку што мене ми е познато, како материјал ни е поднесен овде да расправаме за нивната работа, меѓутоа, сега ми се наметнува или се внесува една игра, по мое мислење, бидејќи Судскиот совет е пред крајот на неговиот мандат и на некој начин ние пратениците се поставуваме овие предложени судии да не бидат или прифатени, а тоа значи дека влегуваме во доменот на работата на Судскиот совет, кој за мене е најлегитимниот орган кој стручно ги анализира работите, за разлика на дел од

пратениците овде кои, рековме дека ни самите судии кои ни се предлагаат не ги познаваме, а да не зборуваме за нивното искуство, судско искуство.

Да завршам, сепак, овие судии кои ни се предлагаат за основните судови или апелационите судови, или незнам кои, тие се личности кои веројатно, иако ние не ги познаваме, меѓутоа се луѓе кои се познати на македонската јавност и веројатно уживаат голем авторитет и имаат стручна подготвеност. А, вака, се впуштаме ние пратениците да гласаме или некого да не го гласаме, а тоа значи дека не го пазиме нивниот авторитет. За да го пазиме нивниот авторитет, треба да го респектираме Судскиот совет, кој орган е токму гласан од ова Собрание.

Благодарам и го поддржувам Судскиот совет, односно предлогот на Судскиот совет. И, да не расправаме, зашто, се работи за личности наши граѓани, кои дале многу за правосудството и за државата. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Оломан Сулејмани за дискусијата.

За збор се јави господинот пратеник Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господин претседателе, дами и господа пратеници, јас ја имав таа чест да ги избирам сите судии во изминатиот состав, така што таа чест ја имаа и тука мои колеги пратеници.

Мислам дека денеска се повикуваше на принципиелност, на чесност, на транспарентност. Она што боде во очи тоа е госпоѓата Шеќерова, треба да си ги праша господинот Тито Петковски и господинот Љупчо Поповски, затоа што над повеќе од 60-тина судии не беа избрани. Жал ми е што не беа избрани, затоа што неславно завршија, некои луѓе си го одземаа и животот, да не влегуваме и да не ја кажуваме историјата што се случуваше.

Многу е невкусно сега да се повикува зошто и по кој принцип се избрани или не се избрани судиите. Треба да си го праша господинот Љупчо Поповски за тоа што имаше една трагикомична ситуација во Парламентот со иронија, со смеа, со сарказам спрема секој избор, кој не одговараше на она што го зацртуваше СДСМ, беа отфрлани многу чесни судии. И, денеска ми е жал кандидати за судии, 60-тина во принцип да се почитува и тогаш гласавме со за, за она што го предлага Судскиот совет. Сигурно дека тоа е стручно и компетентно тело. Но, да се прави сега маркетинг во делот на она како гласале пратениците, тоа е легитимно право на пратеникот да гласа и да се обвинува и сега пред јавноста да се прави фарса, би било чесно истата госпоѓица да си ги праша своите партиски другари, зошто не беа избрани тие 60-тина судии. Зошто претседателот на Градскиот суд, Кице, со еден збор образложение го сменија човекот, а сите кажаа и претседателот на Судскиот совет и сите во Судскиот совет кажаа дека тој е најкомпетентниот и најдобриот судија во Република Македонија. Без еден збор да не се отвори дискусија во минатиот состав на Парламентот и го тргнаа човекот. Така што нема место за потпалување на страстите. Жалам што тука не е госпоѓа Шеќерова да ја слуша мојата дискусија.

Се сложувам со многу дискутанти дека не ги познаваме судиите. Дали сме ние најстручни и најкомпетентни да одлучуваме за судиите, сигурно не. Дали треба нешто да се смени во делот на предлозите и како ќе оди изборот на идните судии, тоа е друго прашање. А, да влегуваме во техниката кој како гласал, мислам дека не е дозволено. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Слободан Даневски.

Збор има господинот пратеник Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, не сакам да ја злоупотребувам вашата добрина, но сум де мотивиран од одредени пратеници овде од нивното незнаење или намерно незнаење и според тоа јас ќе гласам за оваа точка според мојата лична совест. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам. Господинот пратеник Никола Јованов побара збор.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Мислам дека сето ова укажува дека Парламентот и порано, а и сега е ставен во една многу незгодна ситуација. Ако мене лично ме прашате јас мислам дека, Парламентот не треба да избира судии, бидејќи се става во една ситуација да мораме ние сега тука, се сложувам дека 90% од нас не ги знаат судиите, ниту ја знаат нивната професионална биографија. Па, сега, како ние можеме да водиме расправа за квалитетот на некој судија, кога не ни се доставени податоци за квалитетот, за обемот на работа, професионална

кариера и т.н., и сите оние квалитети кои треба да го красат еден судија.

Точно е тоа дека во изминатиот состав многу квалитетни судии кои биле кандидати, не биле избрани од ова Собрание. Никогаш никој не го прозиваше Собранието или пратениците, зошто одреден судија не го избрале. Како што ни Републичкиот судски совет има право да селектира така предложени кандидати и ги селектирал и никогаш со никакво образложение не кажал зошто не се одлучил за овој или за оној кандидат.

Според тоа, најважно е да се пристапи, а жал ми е што досега не е направено, да се направат чекори во осамостојување на Судскиот совет, кој навистина треба да одлучува по професионалноста и сите морални квалитети на судиите. Сега, вака, ако ние водиме расправа, никаде нема да не одведе. Наше право е да гласаме така како што ќе гласаме, иако е тоа предлог од Судскиот совет. Ние можеме да го почитуваме, но не сме ни должни тоа да го направиме. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Никола Јованов.

Навистина, оние лапсузи што ги направи со самостојниот судски буџет, тоа би било навистина добра работа и треба да биде тоа така, според мене, и верувам дека ќе биде така.

Последен дискутант кој што го имам пријавен денеска овде, е господинот пратеник Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Благодарам господине претседателе, колеги пратеници, мислам дека ова што се случува денеска со изборот односно околу изборот на судиите, е една повторена приказна во неколку продолженија што се одвиваше и во минатиот состав кога исто така, имаше сомневање во тоа како работи Судскиот совет, како одлучуваат пратениците и каков е изборот кој што ние го правиме по однос на судиите.

Мислам дека провејуваше едно незадоволство од страна на Партијата за демократски просперитет во минатиот мандат кога се востановуваше судската власт, по однос на бројот на Албанците, кои се предлагаа од Републичкиот судски совет до нас како пратеници. Не еднаш ние тоа го истакнувавме и тоа многу гласно, дури и нашето незадоволство, пред се беше насочено кон Републичкиот судски совет, кој во таа селекција што ја правеше имаше многу остри резови токму кај албанските кандидати.

Токму поради тоа не еднаш ние сме ја истакнувале нашата недоверба кон Републичкиот судски совет, а со постапките што уследија и понатаму не покажаа дека треба да го смениме нашето мислење. По однос на тоа прашање секако единствената вина не е до Републичкиот судски совет. Сметам дека тука е и Законот кој ги определува правилата на игра во оваа област и треба да претрпи одредени измени за да се знаат правилата по кои ќе се избираат и да се запази соодветна национална застапеност кај одредени структури во судската власт. Поради ова, без некое поголемо политизирање, доколку не се земат предвид барањата на Албанците соодветно да бидат застапени во судската власт, мислам дека не ќе можат да ја уживаат нашата поддршка. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Мевљан Таири.

Има збор пратеникот Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Јас не мислам да зборувам за предлогот кој ќе биде судија, кој нема да биде, бидејќи се знае како било, како е и понатаму како ќе биде.

Претседателе, Вие сте пратеник и еднаков меѓу 120-те пратеници, односно прв од 120-те пратеници.

Мене ме интересира, бидејќи вчера ние колтиравме нов пратеник по пропорционалната листа, но не слушнав нов пратеник или пратеничка, освен оние 120 што ги знаеме, која е онаа Шеќерова. Вие морате како претседател на Парламентот, бидејќи го водевте овој Парламент, барем да го знаете името и презимето на секој пратеник. Замислете сега јас да ви се обратам, место г-дине Климовски да ве наречам г-дине Клиповски. Вие сте должни да реагирате, а ние се многу слатко смееме, а со тоа го девалвираме највисокиот законодавен дом во Македонија, без разлика дали тоа доаѓа од оваа или од онаа партија. Јас таков пратеник, Шеќеров или Шеќерова, незнам. Ако Вие имате ново име и ако сте се договориле со претходниот дискутант да си правите иронија на сметка на пратениците, кажете ни па и ние можеме да измислуваме нови имиња па и презимиња. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Мислам во ред е тоа, се прават лапсуси во излагањата. Некогаш со внимание тоа го следам, некогаш мислам дека е ненамерно, а и верувам дека ненамерно е направен лапсусот. Се знае дека 500 пати говориме и ја спомнуваме г-ѓицата Шеќеринска. Не верувам дека намерно е направен лапсус. Но, ќе се потрудам, ако некого не му го спомне името и презимето како што треба, да го исправам и понатаму да го кажува како што треба. Доколку инсистира и понатаму, тогаш ќе се гледа дека не намерно и злонамерно, односно тенденциозно направено. Во оваа ситуација не верувам дека е направено тенденциозно и во таа ситуација ја примам вашата сугестија и забелешка, ќе се реагира благовремено, а упатувам апел до Вас ако веќе се потрудите некого да спомнете, барем научете му го името.

Има збор претседателот на Републичкиот судски совет г-динот Мугбил Бејзат.

**МУГБИЛ БЕЈЗАТ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и денес оваа расправа покажа едно принципиелно прашање, каков однос треба да име Собранието према предлозите на Републичкиот судски совет. Вакви некои аргументи ние имавме и во првото Собрание. Ние имаме мандат од шест години, така да имавме работа со повеќе Собранија. Не треба да повторувам, дека ние сме уставно утврдени. Откако ќе бидеме избрани, ние сме потполно независни во текот на целото траење на мандатот, не можеме по ниеден основ да бидеме разрешени поради незадоволството на Собранието, само од причини кои се наведени во Уставот, Законот и т.н. Според тоа постојат сите гаранции во Уставот, дека овој Судски совет на кој му истекнува мандатот за некој ден, па идниот што ќе биде избран, исто така по сегашните уставни одредби и понатаму треба автономно, самостојно и стручно да работи и да ја извршува својата уставна функција. Некои алузии досега во јавноста, а и денеска имаше такви дека предлозите на Републичкиот судски совет и порано, а и денешните можеби биле под некакво политичко влијание и слично.

Дозволете, и во минатото имало предлози кои не биле прифатени од Собранието, меѓутоа мнозинството, преку 90% предлози на Републичкиот судски совет биле почитувани. Станува збор тука, сега не ги познаваме кандидатите и т.н. И поранешниот состав во Собранието имаше обиди да се води една паралелна постапка по кандидатите од страна на Комисијата за избор и именување, обиди, без да се почитува улогата и статусот на Републичкиот судски совет, кој е орган што ја води таа постапка и при предлозите за избор и при предлозите за разрешување на судии. Не треба таа постапка, доколку се дуплира во Собранието и не се верува на аргументите, на предлозите на Републичкиот судски совет, воопшто се девалвира улогата на Републичкиот судски совет дадена во Уставот, а и меѓусебните односи меѓу два уставно утврдени органи, меѓу Републичкиот судски совет и Собранието на Република Македонија. Сигурно индиректно се доведува во прашање и независноста и самостојноста на Републичкиот судски совет и воопшто на судската власт.

Затоа дозволете да укажам на почитуваните пратеници и понатаму идниот судски совет што ќе го изберете, а и овој, треба да се почитуваат тие предлози кои се спроведуваат во една утврдена постапка. Еве претходните кандидати кои не се избрани, тие се од 50, 60 пријавени кандидати со претходно спроведена постапка, со учество на повеќе органи, на повеќе субјекти, со проверка на фактите, околностите за нивната стручност. Така сме и дошле до тие предлози.

Затоа, ние и порано Републичкиот судски совет, на поранешното Собрание, па и сега на ова, имаме приговори од јавноста, кога не се избира еден кандидат, кога не се прифаќа предлогот на Републичкиот судски совет, навистина треба да се дадат аргументи. Тоа недостигаше. Ние треба да го унапредиме правниот систем. Често пати имаше и дилема дали Републичкиот судски совет, а сме имале такви случаи, ако Собранието од првиот пат не го прифати предлогот, дали може повторно да го предложи истиот кандидат пред Собранието. Сме имале случаеви, бидејќи не сме ги знаеле образложенијата и аргументите на Собранието, ние сме го предложиле истиот кандидат повторно, а сме имале и случаеви да биде прифатен тој предлог, или да не биде прифатен за судија, меѓутоа да биде за некоја друга функција, за заменик јавен обвинител. Така да тој став, тоа искуство треба да го градиме и да го елаборираме. Основното е да се почитува уставната позиција на еден орган, кој е конституиран.

Затоа би било добро да се гради став, а и сме имале постојано приговори на тоа, при не прифаќање на предлозите да

бидат дадени аргументи. Ние многу пати сме дискутирале кога би биле не прифатени такви предлози, евентуално исклучително кога некои околности ќе бидат присутни во Собранието, што не биле присутни во процедурата пред Републичкиот судски совет. Тоа се прашања кои би го довеле евентуално во прашање угледот на судијата, а не Собранието или Комисијата да се занимава со професионалноста или стручноста на кандидатите. Туку евентуално некои прашања кои ќе бидат присутни пред Собранието, пред пратениците, кои можат да го доведат во прашање угледот на кандидатот да може да биде избран за судија. Доколку такви има, а тоа би биле исклучителни случаеви, тогаш евентуално Собранието ќе интервенира. На тој начин ние како Републички судски совет би се согласиле со тоа, бидејќи тие околности не биле присутни во процедурата при утврдувањето на предлогот. Таа практика треба да ја градиме и понатаму.

Затоа и денес имаат право оние пратеници кои кажуваат дека, еве без аргументи кандидатите кои не поминаа, што ќе биде за нив тоа пред јавноста поготово што тие се предложени и избрани од страна на Републичкиот судски совет, меѓу 50 и 60 пријавени кандидати. Така лесно не сме дошле до постапката при утврдувањето на тие предлози.

Благодарам, тоа беше во контекстот на сега, отворената расправа и за овие кандидати за кои станува збор, за Битолскиот суд.

Благодарам на вниманието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на претседателот на Републичкиот судски совет, г-динот Бејзат за овие дополнителни укажувања при градењето на ставови, во врска со предлагањето на можните кандидати за судии до Собранието.

Бидејќи немаме повеќе дискутанти, го заклучувам претресот и минуваме на гласање.

Предлогот Жулиета Карова - Бошевска да биде избрана за судија на Основниот суд во Битола, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

11 пратеници гласаа за, 15 се воздржани и 36 се против.

Констатирам дека Жулиета Карова - Бошевска не е избрана за судија на Основниот суд во Битола.

Предлогот Нада Атанасова да биде избрана за судија на Основниот суд во Битола го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

17 пратеници гласаа за, 20 воздржани и 33 се против.

Констатирам дека г-ѓата Нада Атанасова не е избрана за судија на Основниот суд во Битола.

Преминуваме на 37-та точка од дневниот ред - Предлог за разрешување на судија - поротник на Основниот суд во Охрид.

Предлогот за разрешување и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот за разрешување на судија поротник во Основниот суд во Охрид го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

56 пратеници гласаа за, 5 пратеници се воздржани и 5 се против.

Констатирам дека Собранието ја разреши Славица Стрезовска од функцијата судија - поротник на Основниот суд во Охрид.

Минуваме на 38-та точка од дневниот ред - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Завод за рехабилитација на слух, говор и глас" - Битола.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Ги молам пратениците кои се надвор да влезат во салата да можеме да гласаме.

Пратениците се во Собранието, бидејќи 93 картици имаме внесено.

За претходното гласање имавме ние над 60 пратеници.

Сега имаме само 57 пратеници кои гласале.

Ве молам избројте ги присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 69 пратеници.

Значи останатите пратеници веројатно заборавиле да гласаат.

Според тоа со 52 гласа за, 1 воздржан и 4 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Завод за рехабилитација на слух, говор и глас" - Битола.

Минуваме на 39-та точка од дневниот ред - Предлог на одлука за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија, за соработка на Парламентот на Република Романија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на одлуката го ставам на гласаше.

Ве молам да гласаме.

64 пратеници гласаа за, против и воздржани нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Романија.

Минуваме на 40-та точка од дневниот ред - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

62 пратеници гласаа за, 1 воздржан и 3 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на претседател и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Минуваме на точката 41 - Предлог на одлука за разрешување и именување на претставници на Републиката во Советот на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот "Кирил и Методиј" – Скопје.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

61 пратеник гласаа "за", еден "воздржан", четворица "против".

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" во Скопје.

Минуваме на точката 42 - Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев‟.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

60 пратеници гласаа "за", три "воздржани", против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев".

Дневниот ред од оваа седница е усвоен, меѓутоа пратеникот Чедомир Краљевски побара збор.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, со оглед дека пред малку ја донесовме Одлуката за именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата Гоце Делчев, а за претседател е избран г. Симеон Гелевски, кого со 33 точка од дневниот ред го избравме за судија на Врховниот суд, барам да се направи измена во Предлогот на одлуката. Така да не стои ‟Симеон Гелевски проф. на Правниот факултет", туку да стои

"Симеон Гелевски судија на Врховен суд на Република Македонија".

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Проучете го проблемот дали може судија да биде член на оваа Комисија.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Нема инкопатибилност, тоа го проучив претходно и затоа и укажувам на службата кога ќе го објави во Службен весник да знае за оваа забелешка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, ама тој си е и професор на Правниот факултет и Правниот факултет го задржува.

Но, не е битно, може и тоа да го направиме.

Ако е потребно ќе го направиме.

Со ова Триесеттата седница на Собранието на РМ е апсолвирана.

На крајот сакав на г. Мерсел Биљали да му укажам.

Го добив записникот, стенограмот.

Г. Биљали во стенограмот стои дека вие сте добиле збор, дека сте одржале говор и следи следново:

Му благодарам на г. Мерсел Биљали.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Никој не се јави за збор.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот... и понатаму, бидејќи немало доволен број на пратеници ние не сме го усвоиле Извештајот.

Според тоа така стои во стенограмот, така е запишано, ние сме ја завршиле расправата и затоа на минатата седница не држи вашиот приговор дека била отворена расправа.

Стенограмот говори дека расправата била завршена.

Мислам само да го расчистиме овој проблем, односно прашање, како прашање што ми го поставивте.

(Седницата заврши во 13,25 часот).